# Земјоделство по европски стандарди



Тони Димовски

**Конечно дочекавме да не пофалат европјаните за сработено по нивни стандарди. Таа чест ја имаше Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството, која веќе две години интензивно, но би рекла без поголемо фалење, си ја одработи домашната задача и покажа дека имаме капацитети, и човечки и технички, да работиме европски.**

После две подготвителни години, врата се отвори за европските пари.

„Морам да кажам дека интензивно се работеше во период од две години. Остварени се три ревизорски мисии до сега. Оваа беше последната и всушност беше посветена на т.н потврдување на спремноста на македонските структури, или конферал мисија, и всушност траеше две недели и во тој период детално се разгледаа постапките, како работните процеси во платежната агенција, но и не само во неа, туку и во останатите институции вклучени во овој процес, Министерството за земјоделство, и Министерството за финансии, и констатирано е дека не постојат блокирачки фактори. Извештајот е позитивен, и со тоа се охрабрува Европската Комисија во текот на ноември да донесе официјална одлука за пренесување на правото за управување со овие средства“, рече Тони Димовски од Агенциија за финансиска поддршка на земјоделството.


Ревизорите конечно заминале задоволни

Ревизорите конечно заминале задоволни со најава дека извештајот ќе биде позитивен и дека во ноември, платежната агенција ќе ја добие акредитацијата за користење на парите од ИПАРД програмата.

„Акредитацијата, всушност ни дава право да управуваме со средствата од претпристапната помош за петта компонента, за три мерки - би ги потенцирал, станува збор за инвестиции на земјоделски стопанства, со цел за нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ. Исто така инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските стопанства, повторно во функција на достигнување на тие стандарди на ЕУ во тој дел, како и третата мерка, диверсификација и развој на руралните економски активности.

-Значи станува збор за три мерки, коишто имаат широк опфат на корисници. Станува збор од преработувачки капацитети, земјоделски стопанства, почетоци на

рурален туризам, значи еден широк спектар на активности коишто би биле кофинансирани, се разбира, со издржани проекти“, вели Димовски

На Македонија од европските фондови ќе и бидат на располагање вкупно 45 милиони евра. Со право на користење до 2011. Првата транша ќе биде околу 20 милиони евра. Земјоделците за да добијат дел од европските пари мора да изработат квалитетен бизнис план. 50 насто од инвестицијата се на терет на земјоделецот, 37,5 % Европскиот фонд и 12,5 % македонскиот буџет. Ова значи дека земјоделецот за да почне некаква инвестиција треба да има свои пари или кредит, и по завршувањето на проектот, 50% од парите ќе си ги добие назад.


За догодина 100 милиони евра буџетски пари за земјоделството

„Постои голем интерес во земјоделскиот сектор. Освен она класично очекување во делот на субвенциите коишто се доделуваат, интересот од година во година расте. И во делот за финансирањето на мерките за развој на руралната средина најдобар репер ни е националната програма за рурален развој. Минатата година имавме околу 600 апликации, веќе оваа година имаме 2.400. Се разбира ова неможе туку така, едноставно да го компарираме со тоа што очекуваме да се случува со ИПАРД, но сепак доволно кажува колку е голем интересот и за кофинансирање за вакви инвестиции“, рече Тони Димовски.

За догодина 100 милиони евра буџетски пари за земјоделството и дваесет милиони евра европски пари. 2010. година што се однесува до помошта од државата, ќе биде година на македонскиот земјоделец. Нивно е конечно да го заборават стариот начин на производство, ставањето крупни производи горе, под нив црвливи.

Нивно е да сфатат дека помина времето кога се произведува без претходно договорен пласман, без водење евиденција, книговодство, фармите да ги исчистат, дворовите да ги средат, македонските земјоделци колку тешко да им паѓа мора да сфатат дека помина времето на Југославија, но доаѓа на Европа.

Ленче Николовска
26.09.2009
Интервјуто е преземено од А1